ОСТАВЕНА ПРЕД ОЛТАРОТ

Вај Киленд

САКАМ КНИГИ

За сите дами чии срца биле скршени пред олтарот.
Баш̄али г̄о. Наскоро ќе се појави некој кој те заслужува.

ПОГЛАВЈЕ 1

Слоун

„О Боже.“ Илајџа ме погледна и затрепка. „Се шегуваш, нели?“

Се засмеав и ја кренав раката за да му го привлечам вниманието на брат ми Вил. „Не. Заглавени сме со тоа.“

Брат ми пријде. Ги избриша рацете од една крпа на шанкот и ја префрли преку рамото. „Што сакаш сега, Приза?“

Превртив со очите. „Јас ќе пијам уште една маргарита, а Илајџа ќе пие...“ Се свртев и почекав мојот пријател до мене да ме надополни. Но беше презафатен лигавејќи се по Вил. Одмавнав со главата. „И тој ќе пие маргарита. Но овој пат направи ги ледени, со дробен мраз, а не со коцки.“

„*Ледени.*“ Вил се поднасмеа. „*Два давежи,* веднаш пристигнуваат.“

Илајџа се оттргна од столот и се наведна преку шанкот за да го гледа Вил како заминува. „*Сигурна* ли си дека не е геј?“

„Ги има легнато половина од моите другарки од средно училиште, се ожени со љубовта од колеџ и има ќерка.“ Покажав кон брат ми. „Освен тоа, како може да помислиш такво нешто? Носи *кафена* кошула, црни панталони и зелени кроки.“

Илајџа се намурти и го збрчка носот. „Тоа е баш лошо. Но ќе преминам преку тоа заради таа квадратна вилица.“

Се насмеав.

„А зошто те вика Приза?“

„Бидејќи е неподнослив. Кога бев мала, бев под стрес кога наставничката ме прозиваше да ме испрашува. Стекнав навика да го повторувам прашањето пред да одговорам, што на некој начин ме успокојуваше. Вил и мојот друг брат Тревис, дознаа за тоа и почнаа да ме нарекуваат *Реприза.* Низ годините, тоа се претвори во Приза.“

„Ем секси ем смешен. Точно мој тип. Каква штета.“ Илајџа зеде неколку индиски оревчиња од малото длабоко чиниче на шанкот и фрли едно во воздухот, отворајќи ја устата. Оревчето го удри по образот и падна на подот.

„Дали можеби мислиш дека се шегуваат со нас?“ Покажав кон хартиите наредени на шанкот – нашата задача за вечерва, која ни ја доделија во последен миг. „Како може една невеста да ги избере овие фустани?“

„Фустани? А што е со *фасцинаториве*? Не сме во Англија, а ова не е венчавка во градина. Мислам дека можеби имаш право дека некој се зафркава со нас.“

Погледнав колку е часот на телефонот. „Да му се плукнам. Веќе е четири часот. Мора да тргнеме наскоро ако не сакаме да задоцниме. Кажи му на Вил дека отидов одзади за да се пресоблечам кога ќе се појави со пијалаците. Ќе се пресоблечам како Супермен во шпајзот. Поголем е од тоалетот, а не сакам случајно да си го намокрам фустанот со водата од тоалетната школка, како што ми се случи минатиот месец.“

„Добро. Но кога јас ќе бидам на ред за пресоблекување, немој да му кажуваш дека сум таму.“ Илајџа ми намигна. „Сакам да влезе и да ме начека гол.“

Облеков еден од стандардните мали црни фустани што секогаш ги носев на венчавките што ги покривавме и го искомбинирав со светкави сребрени штикли. Потоа си ја поправив шминката, ја превртив главата наопаку и ја испрскав косата со лак за коса со надеж дека ќе ѝ дадам повеќе волумен. Кога излегов, Илајџа ја имаше зафрлено главата наназад, смеејќи се, додека Вил стоеше од другата страна на шанкот со ѓаволска насмевка на лицето.

Ова не може да биде добро. „Што и да ти рекол“, ја фрлив патничката торба на барскиот стол, „е целосна лага. Немој да му веруваш.“

Илајџа се смееше. „Значи кога си имала седум години, не си им поделила покани за свадба на сите што ги познаваш за да дојдат и да гледаат како го венчаваш вашето куче? А кучето не ја поминало целата церемонија обидувајќи се да те јавне на грбот?“

Му се намуртив на Вил. „Тоа се случи само затоа што овој идиот овде се преправаше дека ми посакува среќа и ме намачка со путер од кикиритки на задниот дел од фустанот. Бади беше опседнат со путер од кикиритки. Ако некој отвореше тегла, беше во состојба да јавне и перница.“

Илајџа продолжи да се смее. Штета што тој инцидент не ме одврати од опсесијата со венчавки. Ќе ме поштедеше од големи болки во душата и можеби сега ќе бев *вистинска* новинарка, наместо новинарка во списанието *Брајд*.

„Оди да се пресоблечеш, Илајџа.“ Го вперив прстот во брат ми. „А *ти*, врати се на тоа да ти ласка вниманието на седумнаесетгодишни девојки што флертуваат со тебе за да им ја признаеш личната карта на братучетката, каде што пишува дека имаат дваесет и една година.“

„Боже“, рече Вил. „Некој е кенкав.“

„Кенкава? *Зошто би била кенкава?* Бидејќи одам на *уште една* венчавка на која не ми се оди во сабота вечер?“

„Имаш добиено, нели?“

Ги ококорив очите. „Откачи се, Вил.“

Брат ми немаше лоша намера. Ова бевме ние – си искажувавме љубов преку мајтапење. Но попладнево *бев* малку кенкава. Или можеби бев таква во последните шест месеци. Порано си ја сакав работата. Работата да ми биде да се дотерувам и да одам на екстравагантни венчавки и да пишувам за нив? Да се расфрлам со совети кон моите милион и половина следбенички, идни невести, на друштвените мрежи? Тоа беше мојата работа од соништата, уште од времето пред да бидам доволно возрасна за да му

испланирам елегантна венчавка во задниот двор на моето двегодишно куче Бади. Уште од мала бев *опседната* со венчавки. Можеби бев дури и зависна – од филмови за венчавки, венчаници, места за венчавки – да му се сневиди, уште од десетгодишна возраст имав избрано извадоци и цитати за мојата идна церемонија. Моите родители живееја бајковит живот и верував дека и *јас* ќе доживеам среќен крај. Живеев за тоа. *Глупава.* Сега знам дека бев глупава. Но дента кога се свршив беше најсреќниот ден во мојот живот. Потоа дојде и мојот голем ден и... останав да стојам сама пред олтарот. *Оставена.*

И потоа мојата љубов за сите нешта поврзани со венчавките се расипа. Како млеко оставено надвор на триесет степени, скисна. А да не споменувам дека следниот ден почина мојот прв младоженец Бади. Имаше дваесет и една година и беше на возраст која повеќето кучиња не успеваа да ја доживеат, па не ми дојде како изненадување. Но сериозно? Дента откако ме напуштија пред олтарот?

Илајџа се појави од шпајзот, дотеран како и секогаш. Додека јас претпочитав да носам едноставен црн фустан и да не отскокнувам кога работевме, тоа не беше неговиот стил, ни оддалеку. Оваа недела тој носеше темносин кариран костум, со тесни ногавици пет сантиметри над неговиот глужд и кадифени бордо чевли. Што било поедноставно немаше да се вклопи со неговата платинесто руса коса и корејско потекло. Малкумина можеа да се облекуваат во ваков стил, но со својата самодоверба, Илајџа можеше да износи сè. Ја проголтав огорчеността и се натерав да се насмевнам. „Ќе го засениш младоженецот во оваа комбинација.“

Тој се насмевна. „Зарем не го правам тоа секогаш?“

По два часа, зачекоривме во невестинскиот апартман во *Шато ламур*. Илајџа нагло застана. „Последна шанса“, рече. „Те молам кажи ми дека некој се зафркава со нас и дека тука всушност се снима историски филм или нешто слично.“

Направив гримаса кога здогледав една од девериците. Жената изгледаше како тукушто да излегла од *Однесено со виорош*, со огромна кринолина. Уште полошо беше во живо отколку на фотографиите што однапред ни ги испратија за да го наведеме дизајнерот. „Можеби е од оние хостеси кои ве пречекуваат со шампањ. Знаеш, оние што носат огромно здолниште на кое има сто чаши со шампањ?“

„Дали некаде *гледаш* шампањ?“

„Не, но... да бидеме оптимисти.“ Токму кога ја довршив реченицата, влегоа уште две жени, облечени во идентични фустани.

Илајџа ме подбуцна со лактот. „Претпоставувам дека имаат *три* хостеси што те пречекуваат со шампањ.“

Воздивнав. *Супер.* Во последно време доволно тешко ми беше да пишувам убави статии дури и за венчавки организирани со вкус. „Ќе мора да се концентрираме на невестата.“

Тој се изнасмеа. „Што мислиш, кој ги избрал тие грдотии? Се обложувам дека овие дами изгледаат како да излегле од *Вог* во споредба со неа.“

Имаше право. „Не е важно колку е лошо. Мора да запомниме дека оваа задача дојде од самиот *Хејс*. Па, мора да изгледа фантастично во списанието. А очигледно и Тед Хејс Помладиот е на венчавката, па погрижи се да направиш некоја добра фотографија од синот на големиот шеф.“

Со Илајџа првично требаше да одиме на друга венчавка вечерва, но таа невеста морала итно да оди на операција, па настанот беше одложен. Наместо тоа, главниот извршен директор на конгломератот што го поседуваше нашето списание истапи со замена. Очигледно младоженецот беше пријател на неговото семејство или нешто слично. Па, мојот текст и фотографиите на Илајџа мораа да блеснат во сиот свој сјај.

Илајџа кимна. „Да му се сневиди. Да, добро.“

Пријде една жена со црн елек и уморна насмевка. Погледна кон торбата со опрема што ја носеше Илајџа. „Дали вие сте видеографскиот тим?“

Одмавнав со главата. „Ние сме од списанието *Брајд.* Ќе ја покриваме венчавката за претстојниот прилог во списанието.“

„О.“ Се намурти. „Видеографот досега требаше да стигне. Невестата е... нетрпелива.“ Ја испружи раката. „Јас сум Клер, една од двете помошнички на невестата. Ако ви треба нешто, само кажете ми.“

„Дали може да нè упатите кон апартманот на невестата?“

„Секако. Следете ме. Ќе ви покажам како да стигнете дотаму.“

Кога влеговме, шест деверици беа присутни во една луксузна соба, но не ја видов почесната гостинка. „Дали е тука невестата?“ прашав. „Би сакала да ѝ се претставам и да се погрижам дека е во ред да направиме некои фотографии како се подготвуваат дамите, пред венчавката.“

„Таа е...“

„*Абе ти дали се шегуваш со мене?*“ крикна некоја жена од другата соба. „*Не е можно* ова *мене* да ми се случува!“

Клер се доближи до мене и ми шепна. „Тоа е невестата.“

Од начинот на кој врескаше, помислив на најлошото. „Дали... младоженецот ја откажал венчавката?“

Клер одмавна со главата. „Не, веројатно ѝ се скршил нокт.“

Прекрасно.

Се отвори вратата од собата и невестата-чудовиште излета надвор. Фризурата и шминката ѝ беа готови и на главата имаше светкава дијадема, но надолу сè уште носеше пижами. „Која е следна?“ Разгледа низ собата и го впери прстот во една деверица. „*Ти!* Соблечи го фустанот и оди на прскање.“

„Прскање?“ ѝ шепнав на помошничката. „Што се случува?“

„Старосватицата долета минатата вечер. Живее во Флорида. Пајпер се разбесни кога ја здогледа бидејќи

нејзината другарка изгледа *премногу исончано.* Смета дека останатите девојки од групата ќе изгледаат болно на фотографиите. Дамите од групата доцна синоќа добија пораки да се појават два часа порано денес. Пајпер ангажира жена која ќе дојде и сите ќе ги испрска со спреј за потемнување. Рече дека е задолжително.“

Ги ококорив очите. „Се шегуваш?“

„Не.“ Помошничката на невестата развлече уморна насмевка. „Морам да најдам место од каде што ќе земам делкан мраз. Не сака коцки мраз. Извинете ме на неколку минути. Со среќа со невестата.“

Се погледнавме со Илајџа.

„Коктел-забава со самопослужување?“ рече тој.

„Ми ги читаш мислите, пријателе.“

Се искрадовме од апартманот и отидовме до фоајето за да го најдеме управителот на ресторанот. „Здраво, јас сум Слоун Карик, новинарка за списанието *Брајд*, а ова е мојот соработник Илајџа Ким. Тој е фотограф. Дали некој Ве извести дека ќе ја покриваме денешната венчавка за списанието?“

Управителот се исправи и се насмевна. „Да, возбудени сме што сте тука. Јас сум Леонард Фромер. Како да ви помогнам за да може да започнете со работа?“

„Се надевавме дека ќе можеме да направиме некои фотографии од местото каде што ќе се одвива коктел-забавата, пред да пристигнат гостите.“

„Се разбира. Дојдете наваму.“

Леонард нè одведе по еден долг ходник што поврзуваше две згради. Кога поминавме од едната во другата, еден човек се појави од некој скриен ходник, чекорејќи во спротивната насока. За малку ќе се судрев со него и се занишав од наглото застанување во високите потпетици што ги носев.

Човекот ме фати за рамената, спречувајќи да паднам. „*Опа.*“

„Да му се сневиди. Извини. Не те видов.“

Човекот набрзина ми го разгледа лицето и се насмевна. „Јас дефинитивно те *видов.*“

Боже. Дали тие очи беа вистински? Трепнав неколкупати. Досега немав видено таква боја. Беше азурна можеби? Како бојата на Карипското Море гледано од авион, но овие очи беа надополнети од најгусти црни трепки. Бев толку расеана од нивната убавина што не го тргнав погледот за да видам како изгледаше остатокот од типот.

„Слоун...“ Илајџа забави и ме погледна. „Доаѓаш?“

„Да, извини.“ Уште еднаш погледнав во тие сини очи. „Извини уште еднаш.“

Во целосен занес, го заобиколив човекот и продолжив зад Илајџа. По неколку чекори, не можев да се воздржам и погледнав зад мене. Типот не се мрдна. Само стоеше гледајќи ме со искривена насмевка. За жал, по три метри свртевме надесно, па претставата заврши. Го стигнав Илајџа. „Ги виде ли очите на типот?“

„Не. Зошто?“

Одмавнав со главата. Се одреков од мажи пред шест месеци и немав намера да дозволам две убави очи да ме извадат од колосек. „Заборави. Не е важно.“

На крајот од ходникот се отвори двокрилна врата кон една прекрасна просторија заградена со стакло. Високиот стаклен плафон и тропските растенија правеа да се чувствуваме како да бевме надвор, но сепак бевме во пријатна, климатизирана просторија. Управителот набрзина нè прошета и нè остави сами за да направиме некои фотографии. Штом се затвори вратата зад нас, со Илајџа отидовме до еден од шанковите поставени низ просторијата.

Илајџа застана зад шанкот и извади две чаши. „Госпоѓице? Што сакате да се напиете? Само да знаете, ќе служиме портокалово обоени деверици за предјадење и скиселена невеста за вечера. Па можеби ќе сакате да нарачате пијалак што ќе одговара со храната.“

Се изнасмеав. „Ќе се напијам чашка текила.“

„Одличен избор. Веднаш пристигнува.“

Ја разгледав прекрасната просторија. Кремави чаршафи и огромни, темновиолетови цветни аранжмани стоеја на секоја маса. Имаше и хортензии, какви што избрав и јас за мојата венчавка.

Илајџа ми ја наполни чашката и ја слизна кон мене по шанкот. „Престани да го правиш тоа.“

„Кое?“

„Да мислиш на твојата венчавка.“

Воздивнав. „Камо да беше толку лесно.“

„Ќе го доживееш тој ден. И следниот пат ќе биде со некој што те заслужува. Џош секако беше премногу здодевен и обичен.“

Тажно се насмевнав. „Ти благодарам што го велиш тоа.“

„И нема да има алат како игла. Заслужуваш некој со палка.“

Во неделите по мојата венчавка, ја давев тагата во текила. Преголемите количества алкохол ми делуваа како серум на вистината и сега се каев за многу нешта што им ги кажав на луѓето – со мојот најстар, заштитнички настроен брат Тревис, кој беше полицаец, споделив некои од работите што ми ги имаше кажано Џош. Но не зажалив што се опивав со Илајџа и што му кажав дека Џош имаше тенок алат. Детинесто, знам. Но сепак ме смееше секој пат кога тој ќе го споменеше тоа.

Илајџа испи две чашки, додека јас уште ја пиев првата. Подобро поднесуваше алкохол од мене. Потоа направи неколку фотографии од прекрасната просторија за коктел-забавата и се упативме назад кон собата на невестата-чудовиште. Таа изгледаше уште позбудалено и полно со омраза отколку кога заминавме пред петнаесет минути, но алкохолот направи да ми биде помалку гајле. Кога престана да ја прекорува личноста на другиот крај на телефонската линија, сфатив дека беше време да се претставиме.

„Здраво. Извини. Јас сум Слоун Карик од списанието *Брајд*, а ова е...“

Ме прекина. „Кој конфекциски број носиш?“

„Мммм... Обично шест, мислам. Зошто?“

Ѝ се развеселија очите. „О, фала му на Бога! Мора да одиш да се облечеш.“

Се погледнав надолу. „Јас... сум облечена?“

„Не во *тој* здодевен фустан. Во фустан како за деверица.“

ПОГЛАВЈЕ 2

Слоун

„Не ми се верува дека го правам ова.“

Смешкајќи се од уво до уво, Илајџа направи уште една фотографија од мене. „Ќе имам материјал за уценување за следните неколку години.“

Се намуртив. „Престани да ме фотографираш. Доволно лошо е што невестата-чудовиште ме принуди да го носам ова чудо. Никаде не сакам да има докази за тоа.“

„Докази? Срце, целиот свет ќе те види во тоа штом се објават фотографиите во списанието.“

Ги ококорив очите. „Никако. *Нема* да објавуваме слика од целата група од страната на невестата.“

„Како може да не го направиме тоа?“

„Сме правеле така и претходно. Не намерно, но венчавката на Вадингтонови што ја покривавме – онаа во Источен Хемптон во винаријата со големата метална скулптура напред? Објавивме поединечни фотографии од девериците и деверите.“

„Да, но зарем нема да бидеш на фотографиите со девериците?“

„Не кога ти ја имаш контролата над фотографиите. Погрижи се да направиш неколку без мене.“

Погледнав во мојот одраз во огледалото. Како се случи ова, по ѓаволите? Во еден момент невестата врескаше што една од нејзините деверици не успеала да дојде – како се

осмелила да го стори тоа жената чија мајка утрово имала сериозен срцев удар и сега беше на апарати за одржување во живот. „*Зарем не знае дека не може да има нееднаков број на деверици и девери?*“ крикна невестата. „*Тоа ќе ја* уништи *венчавката!*“

Никогаш не сум сретнала толку себична личност. Девојката требаше да биде една од нејзините најблиски пријателки и имаше семејни проблеми, а невестата не го ни забележуваше тоа. Знам дека невестите знаат да се опседнат. Да му се сневиди и јас се опседнував кога ја планирав мојата венчавка. Не можев да спијам бидејќи мојата идна свекрва купи фустан што не одговараше на моите бои. Но сериозно, кому му беше гајле што носеше жената, ако таа беше задоволна? Сепак кога ќе облечевте бел фустан наменет за исполнување на фантазија ве тераше да ја посакувате *целата* фантазија, до најглупавиот и најситен детаљ.

Боже... Се доближив до огледалото и го разгледав чудото на мојата глава. Отсекогаш сум била љубител на фасцинатори, ми беа мошне елегантни. Но оваа темновиолетова скулптура што стрчеше од мојата коса? Можеби, *можеби* добро ќе ѝ прилегаше на некоја манекенка висока два метри, доколку беше облечена во ептен обичен фустан, а шапката беше фокалната точка на целата комбинација. Но тоа не беше случајот тука. Погледнав во фустанот и одмавнав со главата. *Многу, многу* лошо. И не можев ни да помислам на тоа како оваа нијанса на виолетово стоеше на мојата црвеникавокостенлива коса.

Моите очи се префрлија од мојот одраз на човекот кој стоеше зад мене. Илајџа се насмевнуваше како лудак.

„Не е ниту Британка!“ се пожалив.

Тој се изнасмеа. „Тоа ти е најмал проблем, душо.“

Навистина, навистина не сакав вака да излезам од невестинскиот апартман. Но во следната секунда се отвори вратата. Невестата-чудовиште не беше доволно културна ни да затропа, откако ме испрати тука за да се пресоблечам.

„О, фала му на Бога!“ повторно рече. „Керолајн е малку поситна од тебе, па подобро ѝ стоеше, но ова е подобро од ништо. Може ли да се обидеш некако да ги пикнеш градите внатре? Изгледаат како да сакаат да излезат.“

Силно ги ококорив очите. Невестата не ни забележа. Од друга страна, бев толку обземена од оваа грда фарса од модна комбинација што не забележав дека и самата конечно се облекла. Ја знаете онаа изрека дека *секоја невеста е убава?* Па, кој и да го рекол тоа, само бил фин. Не е вистина, не кога невестата е висока метар и пол, а носи осум слоја тул. Изгледаше како Пајпер да се обидуваше да прошверцува цела група петгодишни балерини покрај аеродромско обезбедување. Иако барем не мораше да го носи овој ужасен фасцинатор.

Невестата-чудовиште ме зграпчи за раката. „Што е ова залепеново на твојата рака? Никотинска лепенка?“ Ги крена двете раце, тресејќи ги. „Мора да го извадиш.“

„Тоа е *инсулинска пумпа.* Дијабетичар сум.“

„О. Тогаш претпоставувам дека мора да остане?“

„Па да, мора. Претпочитам да останам на нозе и да не се онесвестам.“ Женава е неверојатна. Ја погледнав во шок. Како можеше некој да има толку ужасни манири? Го забележа мојот запрепастен поглед, но го помеша со восхит.

Пајпер се сврте. „Прекрасен е, нели?“ рече. „Уникатен е.“

„Се согласувам“, промрмори Илајџа од зад мене.

„Фустанот е... посебен.“ Се насмевнав.

Клер, помошничката на невестата, затропа на отворената врата. Ги ококори очите кога ме забележа.

„Некако ме убедија да бидам замена за една од девериците“, реков.

„Да“, рече Пајпер. „Не беше тешко откако спомнав дека тато е најдобар пријател на сопственикот на списанието за кое работи таа.“

Не бев насилна личност, но сакав да ја удрам женава. Клер сочувствително ме погледна пред да ѝ се обрати на невестата. „Сите девојки завршија со нанесувањето вештачки тен. Имаме околу триесет минути до почетокот на церемонијата, ако сакаш да почнеш со фотографирањето. Фотографот чека.“

За малку ќе заборавев на нанесувањето вештачки тен. За среќа, јас и моите браќа имавме наследено бар од нашиот татко Ирец, но и способност лесно да потемнуваме од нашата мајка Италијанка, па бев ослободена од задолжителното боење на кожата.

Очите на Пајпер се спуштија на моите гради и воздивна. „Ќе мора да ги прередиме девојките за да бидеш на крај, најдалеку од мене. Не сакам да изгледам рамна како штица.“

„Клер, ти си мојата нова најдобра другарка.“

Обично не пиев многу на работни настани, но кога Клер ми даде чашка текила – мојот втор пијалак за еден час – немаше шанси да ја одбијам. Прозирната течност набрзина ја испив и таа грациозно се слизна по мојот хранопровод, предизвикувајќи чувство на топлина во мојот стомак. Ужасна беше фотосесијата со девериците пред започнувањето на венчавката. Пајпер само наредуваше, но за среќа, на невестата-чудовиште ѝ беше потребна пауза за во тоалет. Кога замина, се погрижив Илајџа да направи еден куп спонтани фотографии од девојките кои стоеја и се смееја без мене, бидејќи една од *тие* фотографии ќе ја искористевме во списанието.

Едвај чекав да излезам од овој костим. Не само затоа што беше грозен, туку беше и проклето топло, а фасцинаторот ми беше прикачен со еден куп шноли кои ми ја влечеа косата. Барем немаше да трае уште долго. Штом ќе завршеше церемонијата, ќе преминевме на правење фотографии со сите деверици и потоа ќе можев да се пресоблечам. Вечерва можеби и ќе се опиев. Бог знае дека денес веќе доволно се жртвував за списанието.

Управителот на ресторанот дојде на тревникот каде што ги правевме фотографиите и на сите им кажа дека беше време за започнување на церемонијата. Јас одев на крајот од групата додека се движевме по уште еден долг ходник, чувствувајќи се уште понепријатно без Илајџа. Но тој мораше да се намести за да ја фотографира невестата додека чекори кон олтарот.

Кога пристигнавме пред капелата, јатото од девери веќе беше наредено и тие чекаа. Една работа беше да изгледате смешно кога сите околу вас изгледаа така, но сосема друга работа беше кога моравте така да се појавите во јавност. Очите ми скокаа од еден на друг маж во смокинг. Неколкумина изгледаа фино и повеќето изгледаа како да беа на моја возраст. Но кога стигнав до последниот во низата, останав без здив. Тоа беше прекрасниот тип со азурни очи, што го видов претходно. Малку се исправив, во моментот заборавајќи што носев. Кели, најпријателски настроената деверица, се сврте кон мене. „Дозволи ми да те запознаам со сите."

„Добро."

Ме прошета покрај низата мажи. Првиот тип беше Метју, вториот беше Хардинг. Третиот го претстави како Тед, па малку се потрудив околу него. Можеби ако ми се укажеше шанса, ќе позборував малку со него. Немаше штета да бидете пријателски настроени кон семејството на големиот шеф. Конечно, стигнавме до самиот крај на низата и застанавме пред азурните очи. Мојот ентузијазам за настанот многу повеќе се разгоре.

„А ова е Вајлдер. Твојот партнер за церемонијата." Замавна со прстот кон него. „*Биди фин.*"

Тој се насмевна. „Секогаш сум фин, злато."

Ууу... Тие очи доаѓаа во пакет со британски нагласок.

Невестата-чудовиште ѝ даде знак на Кели, па таа се извини, оставајќи ме насамо со азурните очи.

Деверот, чие име очигледно беше Вајлдер, набрзина ме разгледа. Очите му се спуштија кон мојот фустан, а потоа се кренаа до врвот на мојата глава, каде фасцинаторот

повеќе личеше на осакатени рогови што стрчеа од мојот череп.

„Претходно носеше друг фустан. Значи несреќата мора да се случила неодамна?“

„Несреќа?“

Се насмевна и покажа кон фасцинаторот. „Претпоставувам дека под ова има огромна рана, бидејќи си мислела дека е добра идеја да го облечеш *овој* фустан.“